**Dr Evangelos Karvounis MD, PhD, FACS**

**Center of Excellence of Thyroid & Parathyroid Surgery**

**Athens, EUROCLINIC**

**Email : karvounis@endocrinesurgeon.gr**

Оперативните процедури тироидектомија/паратироидектомија се поедноставени до таа мера, така што може успешно да се изведуваат кај луѓе кои патуваат од далеку, верувајќи во нашиот центар. Оваа постапка, во организациска смисла, за нашите соработници претставува рутинска процедура, која во пријателска средина има за цел да му се пристапи на секој пациент како посебен случај, на одговорен и научно исправен начин, без ниту најмала непријатност.

1. Првичната хируршка проценка се врши по детална комуникација преку телефон помеѓу пациентот и лекарот и проверка на резултатите од прегледите испратени преку факс/курир/е-пошта и/или посредување на член на семејството во Атина, овластен од страна на пациентот.

2. Врз основа на медицинската историја и лабораториските податоци на пациентот, се даваат предоперативни инструкции и нашиот секретаријат го организира спроведувањето на стандардната предоперативна проверка, земајќи го во предвид времето на пристигнувањето на пациентот во Атина.

3. За време на неговиот прием пациентот треба :

- Да се воздржи од земање на храна и течности (ниту вода) од полноќ до денот на операцијата.

- Да ги земе сите негови лекови или да прекине некои од нив, според наредбите на неговиот лекар.

- Да го носи неговиот пасош и/или договорниот број на неговото приватно осигурување, ако такво постои.

- Да ги понесе со себе сите медицински тестови кои се релевантни за неговата болест (сите оние кои можеби веќе ги има покажано или испратено на лекарот за време на првичната медицинска проценка)

4. Хоспитализацијата трае 24 часа или помалку, при што пациентот јаде слободно, оди, зборува, не чуствува болки и нема дренажни тубуси

5. Следниот ден, има лекарска визита и отпуштање од болницата, при што се даваат постоперативни инструкции и третман, како и целосна листа на телефонски броеви за директен контакт со секретаријатот и лично со г-дин Карвунис.

6. Во зависност од наодите од операцијата и податоците на секој пациент, се дискутира за потребната постоперативна должина на престојот на пациентот во Атина. Исто така, се дадени упатства во врска со тоа каква треба да се справува пациентот со специфични симптоми во текот на првите денови, без оглед на географската локација во која се наоѓа. Поголемиот дел од странските пациенти можат да го поминат времето од првите постоперативни денови со туристички активности во Атина или подалеку, придржувајќи се до упатсвата на нивниот лекар. На овој начин, вообичаено во нашиот центар има многу странски пациенти кои го комбинираат својот хируршкиот третман со пријатен престој и прошетка во Грција!

8. Кога ендокринологот на пациентот ќе го добие резултатот од патохистолошката анализа, ќе треба да го одреди идниот лек и третман .

9. Во консултација со хирургот, во зависност од особеностите на секој пациент, се одредува постоперативен модел за комуникација и следење, како и потребата од медицински преглед на пациентот во иднина.

* Вообичаениот предоперативен преглед содржи: крвна анализа, шеќер во крвта, уреа, креатинин, натриум, калиум, калциум, крвна група, тестови за време на згрутчување на крвта(PT, aPTT, INR)

- Рендген снимање на градите (основно)

- Кардиоваскуларно испитување (со електрокардиограм)

- ОРЛ испитување (анализа на подвижноста на гласните жици)